РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-568/1
28-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-мата седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-1231/1 од 03.04.2025 година, со наводи против градоначалникот на општина /// поради сомневање за сторено кривично дело, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување по однос на наводи изнесени во кривична пријава поднесена врз основа на Законот за кривична постапка, за која друг орган е надлежен да постапува – Основно јавно обвинителство и до кој подносителот ја доставил истата пријава.

Предметот со број 12-1231/1 од 03.04.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 03.04.2025 година, до ДКСК е поднесена кривична пријава, врз основа на член 274 од Законот за кривична постапка, против градоначалникот на општина /// поради сомневање за сторено кривично дело, по која е оформен предмет број 12-1231/1.
Во доставената пријава изнесени се наводи за сомневање за сторено кривично дело од страна на лицето ///, градоначалник на општина ///, со злоупотреба на неговата службена положба и овластување и фалсификување на документи во постапка за издавање на градежна дозвола за објект - ///, со што директно била загрозена безбедноста на граѓаните преку потенцијално загадување на воздухот и водата за пиење. Според подносителот на пријавата, во предметната постапка намерно била направена погрешна категоризација на градежниот објект со цел да се заобиколат

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

строгите еколошки ограничувања за објектите кои не смеат да се градат во близина на населени места или извори на вода. Со ова од страна на пријавеното лице, кое воедно ги искористило и регулаторните разлики на одредбите дефинирани во Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за животна средина, била издадена градежна дозвола за ///, со што била овозможена изградба на потенцијално опасен индустриски објект на само 80 метри од извор за пиење вода на општината, 100 метри од реката /// и 500 метри од најблиско населеното место ///.
Подносителот на пријавата се сомнева дека со вака преземените дејства пријавеното лице ја злоупотребило службената положба и овластување, притоа овозможувајќи корист за друг а на штета на безбедноста на граѓаните, јавното здравје и животната средина. Оттаму, предметната кривична пријава ја доставил до повеќе институции во државата и тоа: Јавното обвинителство на РСМ, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, ОЈО Струмица, ОЈО Скопје, Вишо јавно обвинителство Штип, МВР - Сектор за економски криминал и корупција, Управа за финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање, Државен завод за ревизија и ДКСК.

По разгледувањето на наводите во пријавата, ДКСК констатира дека пријавените дејствија се однесуваат на сомневање за сторени кривични дела од страна на пријавеното лице, за кое друг орган е надлежен да постапува. Воедно, подносителот ја доставил предметната пријава врз основа на Законот за кривична постапка како кривична пријава и до надлежен орган за гонење на кривични дела по службена должност односно, до надлежно основно јавно обвинителство.

Со оглед на констатираното, ДКСК оцени нема надлежност за постапување по предметната пријава и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р. И.П., раководител на сектор
Одобрил м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата